Друштво за приредување на игри на среќа
МАКС БЕТ ДООЕЛ
Бр. 0302/577
09.02 2026 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Министерството за финансии, постапувајќи по барањето бр.13-757/1 од 23.01.2026 година поднесено од Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, врз основа на член 125 став (5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22 и 168/24), ја издава следната

ДОЗВОЛА
за приредување на наградна игра

1.Барањето поднесено од Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, СЕ УВАЖУВА.

2.На Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје, МУ СЕ ДОЗВОЛУВА приредување на наградната игра „7 години Макс Бет“.

3.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите, односно да плати износ од 139.860,00 денари пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

4.Доколку Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје не го плати износот наведен во точката 3 во рок од 3 дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе се одземе.

5.Наградната игра ќе се приредува од 09.02.2026 година до 23.03.2026 година.

6.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје наградната игра да ја спроведува без прекин во текот на временскиот период наведен во точката 5.

7.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје да ги објави правилата на наградната игра на огласна табла во секое уплатно-исплатно место, пред почетокот на наградната игра, а по добивањето на согласност од

Министерството за финансии и да достави писмен доказ до Министерството за финансии дека правилата се објавени.

8.Наградната игра ќе се приредува на територијата на Република Северна Македонија во вкупно 42 уплатно-исплатни места на Приредувачот.

9.Оваа дозвола влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ" ДООЕЛ Скопје, согласно член 125 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-757/1 од 23.01.2026 година за добивање на дозвола за приредување на наградна игра.

Согласно член 125 ставови (2) и (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, кон барањето подносителот ги достави следните документи:

-тековна состојба на трговското друштво издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150020250380328 од 15.10.2025 година;

-правила на наградната игра бр.0306/219 од 23.01.2026 година;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/287 од 15.01.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/287/1 од 15.01.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност под бр.0808-50/150120260000609 од 15.01.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на

одделна дејност под бр.0808-50/150120260000611 од 15.01.2026 година издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

-уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.29-65/195/3 од 22.01.2026 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија под бр.0905-27/20 од 16.01.2026 година и

-уплатница ПП 50 за платена административна такса во износ од 300,00 денари.

Постапувајќи по доставеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија, видно од тековната состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150020250380328 од 15.10.2025 година.

Доставеното барање за добивање на дозвола се однесува за играта на среќа-наградна игра, што произлегува од доставените правила на наградната игра бр.0306/219 од 23.01.2026 година кои се во согласност со член 126 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност видно од потврдите бр.0808-12/287, бр.0808-12/287/1, бр.0808-50/150120260000609 и бр.0808-50/150120260000611 од 15.01.2026 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Подносителот на барањето ги има платено јавните давачки, видно од уверението за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и од Листата на должници бр.01/2026 објавена од Управата за јавни приходи.

Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-27/20 од 16.01.2026 година, со која врз основа на годишната сметка за 2024 година и споредбените показатели за финансиската

стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје ќе ја приредува наградната игра, со цел рекламирање на услугите на Приредувачот на наградната игра. Право на учество во наградата игра има лицето кое е на возраст помеѓу 18 и 80 години и кое поседува валиден документ за идентификација и трансакциска сметка. Со право на учество во наградната игра се стекнува секое лице кое има недобитен тикет со минимална уплата од 20,00 денари, кој ќе ги донесе кај приредувачот недобитните тикети во износ од најмалку 250,00 денари и ќе го/ги замени недобитниот/ните тикет/и за купон/и. На добиениот купон учесникот потребно е да ги запише своите податоци (име, презиме и телефонски број) и да го приложи купонот во обележана кутија предвидена за наградната игра во секое од уплатно-исплатните места, при што не е дозволено разложување на уплата повеќе од 2 пати. Добитниот купон ќе биде извлечен рачно, од посебен сад во кој на денот на извлекувањето ќе бидат ставени сите купони испишани со личните податоци на лицата кои стекнале право на учество во наградната игра. Правилата на наградната игра ќе бидат објавени на територијата на Република Северна Македонија во вкупно 42 уплатно-исплатни места на Приредувачот, пред почетокот на наградната игра, а по добивањето на согласност од Министертвото за финансии.

Согласно член 129 ставови (1), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри приредувачот на наградната игра плаќа надоместок за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата. Поради тоа, со точката 3 од диспозитивот на оваа дозвола, Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје се задолжува да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на наградите која што изнесува 777.000,00 денари, односно да плати 139.860,00 денари. Доколку подносителот не го плати надоместокот за приредување на наградната игра пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе му се одземе.

Согласно правилата на наградната игра, а во врска со член 126 став (1) точки 3) и 5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, наградната игра ќе се приредува без прекин во периодот од 09.02.2026 година до 23.03.2026 година на територијата на Република Северна Македонија во вкупно 42 уплатно-исплатни места на Приредувачот.

Врз основа на изнесеното, се оцени дека се исполнети условите за издавање на дозвола за приредување на наградната игра од страна на Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ“ ДООЕЛ Скопје.

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Решено во Скопје на ден 09-02-2026 2026 година, под бр.13-757/2.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на ова решение до странката.

Државен секретар
д-р Андријана Матлиоска

ДОСТАВЕНО ДО: Друштвото за приредување на игри на среќа „МАКС БЕТ" ДООЕЛ Скопје

Друштво за приредување на игри на среќа
МАКС БЕТ ДООЕЛ
Бр. 0306/219
23.01 2026 год.
СКОПЈЕ

ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА

„7 ГОДИНИ МАКС БЕТ"

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1.1. Приредувач на наградната игра

Приредувач на наградната игра „Тикетот паднат, кешот лапнат" (**"Наградна игра"**) е **Друштво за приредување на игри на среќа МАКС БЕТ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул.Скупи број 1Г/1-д.п.1, Карпош, Скопје, со ЕМБС 7284187, и ЕДБ: 4080018574339 (**"Приредувач"**).

Наградната игра ќе се приредува согласно овие правила и услови за наградна игра (**"Правила"**) и согласно применливите законски прописи.

### 1.2. Цел на Наградната игра

Наградната игра се приредува со цел рекламирање на услугите на Приредувачот на територијата на Република Северна Македонија.

### 1.3. Официјално име на Наградната игра

Официјалното име на Наградната игра е **„7 години Макс Бет".**

### 1.4. Времетраење на Наградната игра

Наградната игра ќе започне од 09.02.2026 година (сметано од 00:01 часот) и ќе трае до 23.03.2026 година (сметано до 23:59 часот).

### 1.5. Територија на која се спроведува Наградната игра

Наградната игра ќе се приредува на територијата на Република Северна Македонија, во вкупно 42 уплатно-исплатни места на Приредувачот.

### 1.6. Информирање на учесниците за Правилата на Наградната игра

Правилата на Наградната игра, начинот и условите за учество во Наградната игра, како и нејзиното времетраење, Приредувачот ќе ги истакне на огласна табла во секое од уплатно-исплатните места пред започнување на Наградната игра, а по добивање на согласност од Министерство за финансии.



Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

## 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

**2.1.** Право на учество во Наградната игра имаат сите државјани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат општите и посебни услови на Наградната игра.

- *Општи услови:*

Лицето да е на возраст помеѓу 18 и 80 години, да поседува валиден документ за идентификација, трансакциска сметка.

- *Посебни услови:*

Со право на учество во Наградната игра, се стекнува секое лице кое:

- Има недобитен тикет со минимална уплата од 20,00 денари и кој е уплатен кај Приредувачот;
- Кој ќе донесе кај приредувачот недобитни тикети во износ од најмалку 250 денари
- Ќе го/ги замени недобитниот/ните тикет(и) за купон(и) по следната табела

| | | |
|---|---|---|
| 1 | За секоја уплатен износ на тикет од 20 до 999 денари | Се добива 1 (еден) купон на секои 250 денари збирно уплатени тикети (може и повеќе тикети на помали износи да се врзат) |
| 2 | За секој уплатен износ на тикет од 1000 до 2999 денари | Се добиваат 5 (пет) купони. |
| 3 | За секој уплатен износ на тикет од 3000 до 9999 денари | Се добиваат 17 (седумнаесет) купони |
| 4 | За секој уплатен износ на тикет од 10.000 денари + | Се добиваат 60 (шеесет) купони |

- На добиениот/ните купон(и) ги запише своите податоци (име, презиме и телефонски број);
- Го/ги приложи добиениот/ните купон(и) во обележаната кутија предвидена за наградната игра во секое од уплатно-исплатните места на Приредувачот;
- Не е дозволено разложување на уплата повеќе од 2 пати, односно при уплатени износи на тикети кои влегуваат во едно од скалилата 2,3 или 4, максимално дозволен број на повторна уплата на иста комбинација на тикет е 2(два) пати.

Наградната игра ќе се организира во сите 42 уплатно-исплатни места на Приредувачот.

| | |
|---|---|
| **ГРАНАП - Карпош 4** | Ул.Разловечко востание бр.26/1 и 2, Карпош,Скопје |
| **ЖИТО ЛЕБ - Лисиче** | Бул..Дванаеста македонска бригада бр.41/лок.1 тц Лисиче |
| **ЖУРНАЛ - Кисела вода** | Ул.Сава Ковачевиќ бр. 47 Т, Кисела Вода Скопје |
| **ЧЕНТО – Ченто** | Ул.Маџари бр.58 А/1-1 Гази Баба, Скопје |
| **МАРИНО - Марино** | Ул.533 бр.19/1 ламела 2 Марино Илинден, Скопје |
| **КАПИТОЛ МОЛ - Аеродром** | Бул.Јане Сандански бр.79А/001 кат пр-број 010 Аеродром Скопје |
| **ТОТО – Центар** | Ул.Никола Тримпаре бр.6, Центар Скопје |
| **КИЧЕВО – Кичево** | Ул.11 Септември бр.63, Кичево |
| **КУМАНОВО - Куманово** | Ул.Илинденска бр.47 Куманово |
| **ГОСТИВАР 1 - Гостивар** | ул.Панче Попоски бр.1 /4, Гостивар |
| **БИТОЛА ПЕЛАГОНКА 1 - Битола** | Ул.Климент Охридски бр.31 Битола |
| **БИТОЛА СТАРА ЧАРШИЈА 2 - Битола** | Ул.Дунав бр.16 Битола |
| **ЛЕПТОКАРИЈА - Лептокарија** | Бул.Партизански одреди бр.66Б/1 Карпош, Скопје |
| **ДРАЧЕВО - Драчево** | Ул.Бранко Заревски бр.5/1 приземје-3 Драчево, Скопје |
| **ЃП1 - Ѓорче Петров** | Ул.Ѓорче Петров бр.94А Ѓорче Петров, Скопје |
| **РЕОНСКИ ЛИСА - Ново Лисиче** | Ул.1613 бр. 2 /1 приземје-6 Аеродром ,Скопје |
| **ТИФАНИ - Центар** | Ул.Васил Главинов бр.14/1 ДП5 Центар |
| **ЃП2 - Ѓорче Петров** | Ул.Ѓорче Петров бр.2 бб ЃП(до кафана Станица Чешма) |

| | |
|---|---|
| **ТОЧИЛА - Прилеп** | Ул. Војводинска бр.1 , Прилеп |
| **БАБИТЕ – Штип** | Ул. Лески бр.ББ , Штип |
| **8-МИ НОЕМВРИ - Штип** | Ул. Булевар ЈНА бр.7,Штип |
| **ПУИГ – Гостивар** | Ул.Браќа Гиноски бр.18,Гостивар |
| **МАЏАРИ 2 - Маџари** | Ул. Благоја Стефковски бр. 114 А/1-1-7 Гази баба, Скопје |
| **МАЏАРИ 1 - Маџари** | Ул.Благоја Стефковски бр.25-1/1-4 Гази баба, Скопје |
| **КОЧАНИ - Кочани** | Ул. Кеј на Револуцијата бр.5,згр.1/влез 3 - лок.бр.1,Кочани |
| **ВАНЧО ПРЌЕ - ШТИП** | Ул.Ванчо Прќе брј 123/локал 3А , Штип |
| **ФЕВРУАРСКИ ПОХОД - Н. ЛИСИЧЕ** | Февруарски Поход бр.8-1 / локал 1 и 2 Аеродром, Скопје |
| **ДАБАР - Аеродром** | Фрањо Клуз бр.7-1/3 Аеродром, Скопје |
| **ВОЛКОВО - Волково Скопје** | Улица 63 бр.1-А Волково, Скопје |
| **КАРПОШ - Карпош Скопје** | Улица Бранислав Нушиќ 19А Карпош, Скопје |
| **КАПИШТЕЦ - Скопје** | Улица Народен Фронт број 5/2 Центар, Скопје |
| **КУМАНОВО ПОШТА - Куманово** | Ул.Димитрије Туцовиќ бр.1/6-1 Куманово |
| **ПРИЛЕП СТАДИОН - Прилеп** | Ул.Александар Македонски бр.507-А Прилеп |
| **КИЧЕВО 2 – Кичево** | Ул.Булевар Ослободување бр.2 Кичево |
| **ГОСТИВАР МАЛЕАРДИ - Гостивар** | Улица Никола Парапунов бр.5 Гостивар |
| **СТРУГА - Струга** | Улица 15-ти Корпус број 1, Струга |
| **ГОСТИВАР ПАЗАР - Гостивар** | Ул.Улица Страхиња Симоноски бр.1, Гостивар |
| **РЕСЕН – Ресен** | Улица Јосиф Јосифовски бр.8 , Ресен |
| **ЧАИР – Чаир** | Ул.Христијан Тодоровски Карпош бр.1 Чаир, Скопје |
| **КУМАНОВО ОКТМОВРИСКА - Куманово** | Ул.Октомвриска револуција бр.1, Куманово |
| **ОХРИД – Охрид** | Ул.Абас Емин Бр.ББ Охрид |
| **Струмица** | Ул. У л. Балканска Бр. 1 Струмица |

За да може формално да се влезе со учество во наградната игра, секое заинтересирано лице кое што има добиено купон, треба во купонот да ги внесе негови информации (име, презиме и телефонски број) и да го стави во кутија која што ќе биде обележана во уплатно-исплатните места на Приредувачот.

Купонот ќе биде изработен од страна на Макс Бет со сите ознаки за заштита на идентитетот на МаксБет како и вредносни заштити (уникатен идентификациски број за секој купон) за да се спречи било какво злоупотребување а со тоа оспорување на валидноста на наградната игра.

Приредувачот ќе организира извлекување на добитниците на Наградната игра на ден 26.03.2026 година во 20 часот, во уплатно-исплатно место КАРПОШ – Карпош на ул.Бранислав Нушиќ бр.19А Карпош, Скопје.

Извлекувањето на добитниците ќе се одржи на 26.03.2026 година во 20 часот, во просториите на уплатно-исплатното место КАРПОШ. Физичкото присуство на учесниците не е задолжително. Ќе бидат извлечени дваесет и еден добитник.

**2.2.** Во Наградната игра забрана за учество имаат лицата кои се вработени кај Приредувачот и членовите на нивните потесни семејства.

## 3. ТЕК НА ПОСТАПКАТА НА ПРИРЕДУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Со секој пополнет купон издаден од Приредувачот и ставен во специјален сад поставен во уплатно-исплатното место, учесникот на наградната игра стекнува право да учествува во Наградната игра и ќе биде дел од извлекувањето за Наградите.

## 4. НАГРАДЕН ФОНД И ИЗВЛЕКУВАЊЕ

### 4.1. Награден фонд

Наградниот фонд се состои од следниве награди:

- 777.000 денари парична награда;

Сите заедно во понатамошниот текст како („**Наградите**") или табеларно/поединечно:

| Опис на Наградите | Количина | Вредност со ДДВ |
|---|---|---|
| • Парична награда во вкупен износ од 100.000 денари | 7 | МКД 700.000 |
| • Парична награда во вкупен износ од 10.000 денари | 7 | МКД 70.000 |
| • Парична награда во вкупен износ од 1.000 денари | 7 | МКД 7.000 |

**Вкупна вредност на Наградниот фонд изнесува 777.000 МКД.**

На извлекувањето на ден 26.03.2026 година во 20 часот во уплатно-исплатно место КАРПОШ, ќе се доделат горенаведените награди, односно: 7 парични награди од 100.000 денари, 7 парични награди од 10.000 денари и 7 парични награди од 1.000 денари.

Сите парични награди ќе бидат исплатени исклучиво на трансакциска сметка на добитниците, за која цел добитниците ќе мора да приложат своја трансакциска сметка откако ќе бидат избрани како добитници.

Секој Добитник извлечен во Наградната игра има право на најмногу една Награда.

Добитникот во Наградната игра нема право да бара награда во различен вид или вредност од Наградите определена во овие Правила.

Замена на Наградите со други предмети или друга противвредност не е дозволена.

### 4.2. Извлекување

Приредувачот ќе организира едно извлекување на добитниците на Наградната игра – на ден 26.03.2026 година во уплатно-исплатното место КАРПОШ– Карпош на ул.Бранислав Нушиќ бр.19А Карпош, Скопје во 20 часот.

### 4.3. Начин на извлекување

Добитниот купон ќе биде извлечен рачно, од посебен сад во кој на денот на извлекувањето ќе бидат ставени сите купони испишани со личните податоци на лицата кои стекнале право на учество во Наградната игра.

Купоните од сите 42 уплатно-исплатни места ќе бидат транспортирани до локацијата за извлекување на 26.03.2026 година, во уплатно-исплатното место КАРПОШ– Карпош на ул.Бранислав Нушиќ бр.19А Карпош.

Извлекувањето се одвива со незадолжително физичко присуство во локал КАРПОШ на 26.03.2026 година во 20 часот. Се извлекуваат дваесет и еден добитник.

Секој Добитник извлечен во Наградната игра има право само на една награда.

Надзор и контрола над извлекувањето на Наградите ќе вршат комисии составени од тројца вработени кај Приредувачот.

POWERED BY Flutter International

### 4.4. Објавување на резултатите

Добитниците на Наградите ќе бидат објавени на официјалната веб страна на Приредувачот www.maxbet.mk, во рок од три дена од денот на извлекувањето.

Добитниците ќе бидат објавени со име и презиме. Учесниците во Наградната игра, со самото учество во Наградната игра, се согласни доколку бидат избрани за добитник на било која од Наградите, нивните имиња и презимиња да бидат јавно објавени на горенаведените електронски медиуми.

### 4.5. Доделување на наградите

Рокот за подигнување на наградите е 60 денови од денот на објавувањето на добитниците на наградите. Сите парични награди ќе бидат исплатени на трансакциските сметки на добитниците.

## 5. СОГЛАСНОСТ ЗА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Со пополнување на купонот согласно точка 2.1 од овие Правила, учесниците се согласни да ги дадат своите лични податоци на Приредувачот на Наградната игра, вклучувајќи: име, презиме, телефонски број, како и податоци за трансакциската сметка.

Личните податоци од добитникот се обработуваат заради проверка на правото за учество во Наградната игра и за доделување на Наградите.

Личните податоци на учесниците нема да се користат за други цели, освен со изречна согласност на учесникот дадена на Приредувачот.

Приредувачот на Наградната игра се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува и чува согласно законот за Спречување перење пари и финансирање на тероризам и Законот за заштита на лични податоци.

## 6. ПРАВО НА ПРИГОВОР

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на добитникот на било која од Наградите, да поднесе приговор во писмена форма до Приредувачот на Наградната игра, кој е должен во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот на приговорот, писмено да одговори на добиениот приговор.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### 7.1. Откажување на Наградната игра

Приредувачот има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, со поднесување на образложено барање и по добивање на одобрение од Министерството за финансии ,согласно член 9 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри. За откажувањето на Наградната игра, Приредувачот е должен да ја извести јавноста преку дневниот печат или преку својата официјална веб страна, доколку настапат околности за кои Приредувачот не е одговорен, не можел да ги спречи, отстрани или избегне поради делување на виша сила.

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии / Ministria e financave
Скопје - Shkup
IV

**7.2. Отстранување на евентуални спорови од Наградната игра**

Во случај на евентуален спор помеѓу Приредувачот и учесниците истиот ќе се решава спогодбено преку медијација или на друг мирен начин, а во случај кога тоа не е можно ќе решава стварно надлежен суд во Скопје.

**7.3. Прифаќање на Правилата**

Лицата кои зеле учество во Наградната игра се претпоставува дека ги разбираат, се согласуваат и ги прифаќаат овие Правила. Овие Правила се задолжителни за учесниците и истите ќе се применуваат пред почетокот на наградната игра, а по добивање на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување, а ќе важат до завршувањето на Наградната игра, односно до завршувањето на рокот за доделување на наградите.

Скопје, 23.01.2026 година

**За Макс Бет ДООЕЛ Скопје**

Друштво за приредување на игри на среќа МАКСБЕТ ДООЕЛ Скопје

Управител, Игор Трајковиќ

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV